Врз основа на Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014 и 139/2014 ) член 235 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013, 120/2013, 38/2014 и 41/2014), член 19 од Договорот за основање на Друштвото за приредување игри на среќа Државна Видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, Правилникот за условите, начинот и постапката за склучување на договори за деловна соработка за прием на уплата на влогови за игрите на среќа преку видео лотариски терминали и организирање и контрола на продажната мрежа преку посредување број 02-988/2 од 15.03.2018 година, и Одлуката за спроведување на постапка за Јавен повик број 03-1386/1 од 27.04.2018, Државна Видеолотарија на Република Македонија објавува

# ЈАВЕН ПОВИК бр. 02-ДСП/2018
## за склучување на Договори за деловна соработка за работи и услуги поврзани со организирање и контрола на продажната мрежа преку посредување – мастер дилер

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Врз основа на Правилникот за условите, начинот и постапката за склучување на договори за деловна соработка за прием на уплата на влогови за игрите на среќа преку видео лотариски терминали и организирање и контрола на продажната мрежа преку посредување – мастер дилер број 02-988/2 од 15.03.2018 година, Државна видеолотарија на Република Македонија објавува јавен повик за склучување на Договори за деловна соработка со деловни соработници (правни лица) за организирање и контрола на продажната мрежа – мастер дилер за извршување на следните работи:

- организирање на мрежа од најмалку 50 (педесет) уплатно-исплатни места во кои се врши уплата на влоговите и исплата на добивките од игрите на среќа преку ВЛТ апарати;
- обезбедување на банкарска гаранција за уплатно-исплатните места од мрежата која ја организира, како гаранција за исполнување на обврските спрема ДВЛМ;
- подигање од ДВЛМ и дистрибуција на потребни потрошни материјали до уплатно-исплатните места од мрежата која ја организира,
- контрола на работењето на уплатно-исплатните места од мрежата која ја организира што опфаќа воспоставување на систем за квалитетен однос кон играчите на игрите на среќа како и кон ВЛТ апаратите и придружната опрема ,
- организирање на промотивни настани во уплатно-исплатните места на мрежата која ја организира во соработка со во ДВЛМ,
- административни и сметководствени работи поврзани со продажбата на игрите на среќа;
- други работи врзани со уплата на влоговите од игрите на среќа согласно упатствата и насоките дадени од страна на ДВЛМ.

## II. УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА (МАСТЕР ДИЛЕР)

За склучување на договор за деловна соработка со Државната видеолотарија на Република Македонија, потребно е правните лица да ги исполнуваат долу наведените општи, посебни услови и технички услови

### II. 1 Општи услови

Правното лице кое е заинтересирано да склучи Договор за деловна соработка за организирање и контрола на продажната мрежа за уплата на влоговите во игрите на среќа кои ги приредува Државната видеолотарија на Република Македонија – мастер дилер, потребно е да ги исполнува следниве општи услови:

- Да е запишан во Централниот регистар на Република Македонија за соодветната дејност;
- Да ги има измирено сите даноци, придонеси и други јавни давачки;
- Да нема над него отворена постапка за стечај или ликвидација и
- Со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност.

### II. 2 Посебни услови

Правното лице кое е заинтересирано да склучи Договор за деловна соработка за организирање и контрола на продажната мрежа за уплата на влоговите во игрите на среќа кои ги приредува Државната лотарија на Македонија – мастер дилер, потребно е да ги исполнува следниве посебни услови:

- Да организира мрежа од најмалку 50 уплатно-исплатните места во кои ќе се врши уплата на влоговите и исплата на добивките од игрите на среќа преку ВЛТ, а со кои ќе има регулиран правен однос. Рокот за организирање на 50-те уплатни места е 1 (една) година од потпишување на Договорот за деловна соработка;
- Да има соодветен број на возила на располагање за техничка поддршка на локациите кои ги организира на целата територија на Република Македонија;
- Да има организиран систем на дистрибуција со техничка поддршка за евиденција на задолжување и наплата;
- Да обезбедува континуирана поддршка на уплатно-исплатните места на мрежата која ја организира;
- Да има организиран систем на дистрибуција на потребните материјали на уплатно-исплатните места на мрежата која ја организира;
- Да ги обезбеди првично потребните документи за започнување на постапка за добивање на Решенија од Министерството за финансии за приредување на игри на среќа на локациите кои ги организира;
- Да обезбеди банкарска гаранција за уплатно-исплатните места од мрежата која ја

организира, како гаранција за исполнување на обврските спрема ДВЛМ;

- За секоја локација на која ќе организира приредување на игри на среќа на видеолотариски терминали да има регулиран правен основ за користење на дел од просторијата (имотен лист односно договор за закуп/подзакуп). Локациите на кои ќе се организираат игрите на среќа на видеолотариските терминали задолжително мора да ги исполнуваат минимално техничките услови утврдени со законската регулатива која важи во Република Македонија;
- На секоја локација на која ќе организира приредување на игри на среќа на видеолотариски терминали да има регистрирано своја подружница и
- Да ги има измирено сите евентуално доспеани обврски кон ДВЛМ

## II. 3 Технички услови

Локациите од мрежата на деловниот соработник потребно е да ги исполнуваат следниве техничкии услови:

- Да обезбеди соодветен број на приклучници за електрична енергија во целост изведени согласно стандардите во Република Македонија;
- Да обезбеди доволно простор за сместување и употреба на видеолотариските терминали и придружната опрема, а во зависност од бројот на бараните уреди;
- Да обезбеди соодветна опрема на која непрекинато ќе се прикажуваат рекламни информации за jackpot и слични активности од областа на работењето на Државна видеолотарија на Република Македонија;
- Применатa опрема да ја смести, користи и да ја чува на начин пропишан од ДВЛМ и производителот на опремата;
- Да обезбеди видео надзор со опрема за снимање која ја покрива местоположбата на ВЛТ апаратите;
- На локацијата (уплатно-исплатно место) на која има поставено повеќе од 3 (три) ВЛТ уреди задолжително да обезбеди мрежен уред – switch. За моделот на уредот е потребно да добие претходно одобрение од страна на ДВЛМ.

## III. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на најповолен понудувач со кој ќе се склучи Договор за деловна соработка за организирање и контрола на продажната мрежа преку посредување претставува најнискиот понуден надомест за извршување на услугата дефиниран како процентуален износ од разликата помеѓу вкупните уплатени парични средства од една страна, и вкупните исплатени парични средства (вклучувајќи го и износот за пресметан персонален данок на добивките) и износот акумулиран од секое играње на секој апарат во мрежата на деловниот соработник кој учествувал во формирање на пресметковните фондови за постигнатите дополнителни добивки кои ги исплаќа ДВЛМ од друга страна, на видео лотариските терминали во текот на еден календарски месец, а по одбиени давачки спрема државата за приредување на електронските игри на среќа (Република Македонија),

согласно законските основи но по задоволување на општите, посебните и техничките услови.

<u>Доколку двајца или повеќе понудувачи достават иста понуда а воедно ги исполнуваат условите за учество во јавниот повик во целост, предност ќе има понудувачот кој прв ја доставил понудата.</u>

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

По конечноста на Одлуката за исполнување на условите за деловна соработка, избраниот учесник на јавниот повик е должен да склучи Договор за деловна соработка, најдоцна во рок од 15 дена од денот на доставување на Одлуката.

Договорот со најповолниот понудувач ќе се склучи на неопределено време.

Против Одлуката, незадоволниот учесник на јавниот повик може да изјави приговор до Собирот на содружници на Државната видеолотарија на Македонија, во рок од 8 (осум) дена од денот на доставување на известувањето за изборот.

Приговорот во писмена форма се доставува преку Комисијата што ја водела постапка до Собирот на содружници на Државната видеолотарија на Македонија.

Одлуката на Собирот на содружници на Државната видеолотарија на Македонија во постапка за склучување на договори за деловна соработка со Државната видеолотарија на Македонија е конечна.

## V. СОЛЕМНИЗАЦИЈА И ИЗВРШНА КЛАУЗУЛА

Договорот за деловна соработка задолжително се солемнизира на нотар на трошок

Договорот задолжително ќе содржи извршна клаузула – изречна изјава на деловниот соработник (Сопственикот- солидарен должник) дека е согласен врз основа на Договорот кој се заверува кај нотар непосредно да се спроведе присилно извршување врз имотот на должникот заради наплата на неизмирените обврски спрема ДВЛМ и другите трошоци и надоместоци определени во Договорот.

## VI. РОК НА ТРАЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Огласот трае 7 (седум) дена почнувајќи од првиот нареден ден од денот на неговото објавување, односно до 04.05.2018 година.

## VII. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудите со бараната документација се доставуваат во затворен плик со ознака „За јавен повик за склучување на Договори за деловна соработка – мастер дилер број 02-ДСП/2018“.

Понудата се доставува во 1 (еден) оригинален примерок, кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на Понудувачот.

Кон Понудата задолжително се доставува:

1. Документ за регистрирана дејност;
2. Адреса, контакт телефон, електронска адреса
3. Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија;
4. Документ за бонитет од Централен регистар на Република Македонија;
5. Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
6. Потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
7. Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност - забрана за вршење на дејност;
8. Изјава/Согласност за солемнизација на Договорот за деловна соработка кој ќе треба да се потпише, на свој трошок, со што ќе се гарантира извршување на преземените обврски
9. Изјава дека доколку биде избран како најповолен понудувач ќе ја достави бараната банкарска гаранција за исполнување на преземените обврски
10. Изјава дека како избран понудувач ќе организира мрежа од најмалку 50 уплатно-исплатните места во кои ќе организира уплата на влоговите и исплата на добивките од игрите на среќа преку ВЛТ, во рок од 1 (една) година од денот на склучувањето на договорот за деловна соработка;
11. Изјава дека има организиран систем на дистрибуција со техничка поддршка за евиденција на задолжување, продажба и наплата, организиран систем на дистрибуција на потребните материјали на уплатно - исплатните места на мрежата која ја организира и дека има можност да обезбедува континуирана поддршка на уплатно - исплатните места на мрежата која ја организира
12. Изјава дека по било кој основ нема неплатени доспеани обврски спрема Државната видеолотарија на Република Македонија

Документите (од реден број 3 до реден број 7) кои се приложуваат кон понудата не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци и треба да се достават во оригинал или во нотарски заверена копија.

Доставувањето на понудите се врши преку пошта на адреса на:

*Државната видеолотарија на Република Македонија,*

*ул. 8-ма Ударна бригада бр. 14, 1000 Скопје (или во архивата на Државна видеолотарија на Република Македонија )*

**Напомена:** Понудата доставена од страна на деловен соработник (правно лице) за кое ќе се утврди дека по било кој основ има неплатени обврски спрема Државната видеолотарија на Македонија; нема да биде разгледувана.

## VIII. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, и тоа во рок од 15 (петнаесет) дена од потпишување на договорот, со важност од 1 (една) година и 14 (четиринаесет) дена, во почетен износ од 50.000 евра.

Кога бројот на ВЛТ апарати во мрежата на деловниот соработник ќе го надмине бројот на апарати покриен со првичната банкарска гаранција, деловниот соработник е должен во рок од 8 (осум) дена да ја дополни истата со потребниот износ.

Деловниот соработник има обврска да ја обновува банкарската гаранција секоја година, за целото времетраење на Договорот.

Деловниот соработник има обврска да отпочне постапка за обнова на гаранцијата најдоцна 1 (еден) месец пред истекот на активната банкарска гаранција и за тоа да ја извести ДВЛМ. Доколку Деловниот соработник не ја достави обновената банкарска гаранција најдоцна 14 (четиринаесет) дена пред истекот на активната, ДВЛМ има право да ја наплати активната банкарска гаранција и да го раскине Договорот.

Наместо банкарска гаранција, Деловниот соработник може да депонира средства на трансакциската сметка на ДВЛМ.

Услов за полноважност на Договорот е обезбедување на банкарска гаранција односно депонирање на средства за да предметниот договор стапи на сила.

## VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За добивање на подетални информации, заинтересираните лица можат да се јават во стручните служби на Државна видеолотарија на Република Македонија, секој ден од 08 до 16 часот на тел. (02) 55 11 690

**Комисија за спроведување на постапка за склучување на договори за деловна соработка за организирање и контрола на продажната мрежа**